# СЛУЖ
3770 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ
91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51

## НА СОЦИЈАЛ ... РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Понеделник, 23 јули 1990
Скопје
Број 23 Год. XLVI

Аконтацијата за 1990 година изнесува 300 динари. Овој број чини 10 дин. Жиро сметка 40100-603-12498.


445.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈА НА ПАРНИ КОТЛИ И ПОСТРОЈКИ ПОД ПРИТИСОК

Се прогласува Законот за инспекција на парни котли и постројки под притисок,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2623
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д р **Владимир Митков,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

## ЗАКОН
## ЗА ИНСПЕКЦИЈА НА ПАРНИ КОТЛИ И ПОСТРОЈКИ ПОД ПРИТИСОК

Член 1

Со овој закон се уредува вршењето на инспекцискиот надзор над спроведувањето на законите, другите прописи и општи акти и над примената на пропишаните стандарди, техничките нормативи и норми на квалитетот од областа на парните котли и постројки под притисок

Член 2

Работите на инспекцискиот надзор од член 1 на овој закон ги врши Републичкиот инспекторат за техничка инспекција.

Работите на инспекцискиот надзор ги вршат републичките инспектори за парни котли и постројки под притисок (во натамошниот текст: инспектори за парни котли)

Член 3

Републичкиот инспекторат за техничка инспекција, врши непосреден инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти и над примената на пропишаните стандарди, техничките нормативи и норми на квалитетот за проектирање, изработка, изградба, реконструкција, одржување и користење на парни и вреловодни котли, прегрејачи на пареа, загревачи на вода и затворени садови за течни и под притисок растворени гасови, внатрешниот развод во топланите, енерганите, котларниците за производство на пареа, гасните и компресорските станици, како и другите садови под притисок (во натамошниот текст: парни котли и постројки под притисок), гасоводите и нафтоводите и придржување кон прописите и другите акти за рационална и економична потрошувачка на енергетските горива и суровини.

Надзорот од став 1 на овој член се врши кај производителите, инвеститорите и корисниците на парни котли и постројки под притисок, како и кај изведувачите на монтажа на парни котли и постројки под притисок

Член 4

За инспектор за парни котли во Републичкиот инспекторат за техничка инспекција може да се назначи лице со најмалку $VII_1$ степен стручна подготовка од машинска струка и најмалку три години работно искуство во струката.

Легитимацијата на инспекторот за вршење на инспекциски надзор за парни котли, ја издава органот што го назначува.

Претседателот на Републичкиот комитет за индустрија и енергетика го пропишува образецот на легитимацијата за инспектор за парни котли.

Член 5

Инспекторот за парни котли е должен да изврши редовен годишен инспекциски надзор во секое претпријатие, друго правно лице, како и работник кој самостојно врши дејност со личен труд, а во кое има монтирано парни котли и постројки под притисок согласно со постојните прописи.

Член 6

Инспекторот за парни котли е должен, пред почетокот на инспекцискиот надзор, да го извести одговорното лице во претпријатие и друго правно лице, како и работен човек кој самостојно врши дејност со личен труд, односно инвеститорот или раководителот на градбата.

Член 7

Претпријатијата, други правни лица, како и работни луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд, се должни во секое време да му овозможат на инспекторот вршење на инспекциски надзор и да му дадат потребни известувања и податоци во врска со надзорот; да му стават на увид техничка и друга документација; да му обезбедат увид во технолошкиот процес, увид на атестите и други докази за квалитетот на материјалот и опремата, како и да му дадат друга потребна помош во вршење на инспекцискиот надзор.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за парни котли има право да зема мостри во присуство на овластено лице и да обезбедува други докази (сослушување на сведоци и одговорни лица во претпријатие, да бара вештачење, испитување по современи методи и друго), со кои се утврдува дали претпријатието, другото правно лице, како и работниот човек кој самостојно врши дејност со личен труд, се придржуваат на законските и другите прописи, стандардите, техничките нормативи и нормите на квалитетот.

Член 8

За постројки, уреди и инсталации што се вградени во објекти, односно што се користат во технолошкиот процес, а кои подлежат на инспекциски надзор согласно со член 3 на овој закон, инвеститорите, корисниците и изведувачите се должни да располагаат со податоци за техничките карактеристики на истите и во роковите определени со закони, технички прописи, напатствија за работа, ракување и одржување, правилници, стандарди и други општи

акти; да вршат контрола на нивната исправност, како и да преземаат мерки за нивно одржување.

Констатациите и наодите од извршената контрола и преземените мерки се заведуваат во посебна книга (контролна книга на претпријатијата)

Член 9

Инспекторот за парни котли доколку при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека инвеститорите, претпријатието, другото правно лице, како и работниот човек кој самостојно врши дејност со личен труд не се придржуваат кон законите и другите прописи за изградба на објектот, монтажа на опрема и изведување на работите, наведени во член 3 на овој закон, со записник ги констатира најдените неправилности и со решение наредува соодветна управна мерка, предвидена со закон.

Инспекторот за парни котли при вршење на надзорот ако утврди повреда на прописите за техничката исправност и сигурност при експлоатација на објектите, постројките, уредите и инсталациите што подлежат на инспекциски надзор според член 3 на овој закон, како и кога ќе утврди дека претпријатијата, другите правни лица, како и работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд не располагаат со податоци за техничките карактеристики, не вршат контрола и наодите не ги внесуваат во контролната книга во смисла на член 8 став 2 од овој закон, со записник ги констатира недостатоците и неправилностите и со решение наредува да се отстранат во рокот што тој го определува.

По извршениот инспекциски преглед за утврдената состојба и преземените мерки инспекторот за парни котли го известува органот на управување во претпријатието, другото правно лице, како и работниот човек кој самостојно врши дејност со личен труд во која е вршен инспекциски надзор.

Член 10

Инспекторот за парни котли при вршењето на надзорот кога ќе утврди дека изработката на постројките не се врши во согласност со техничката документација за неговата изработка или документацијата не е изработена во согласност со законите и другите прописи, стандарди, технички нормативи и норми на квалитетот, е должен со решение да наложи отстранување на констатираните недостатоци во рок што го определува.

Производителот е должен, по отстранувањето на недостатоците во рокот од став 1 на овој член, писмено да го извести Републичкиот инспекторат за техничка инспекција.

Член 11

Ако констатираните недостатоци и неправилности од став 2 на член 9 од овој закон, претставуваат опасност за безбедноста на луѓето и имотот, инспекторот за парни котли со решение ќе ја забрани натамошната употреба на објектот, постројката, уредот или инсталацијата се додека утврдената неисправност или неправилност не се отстрани.

Жалбата против решението на инспекторот за парни котли, донесено во согласност со став 1 на овој член, не го одлага извршувањето на решението.

Член 12

Инспекторот за парни котли при вршењето на инспекцискиот надзор кога смета дека е сторен прекршок, стопански престап или кривично дело е должен да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка, односно пријава до јавното обвинителство за покренување постапка за сторен стопански престап, односно кривично дело.

Органот на кој му е поднесено барањето за покренување прекршочна постапка, односно пријава за сторен стопански престап или кривично дело, е должен за резултатот на постапката да го извести Републичкиот комитет за индустрија и енергетика.

Член 13

Инспекторот за парни котли кој при вршењето на инспекцискиот надзор ќе утврди дека лицата кои раководат или ракуваат со објекти, постројки и уреди за кои со закон и други прописи се бара соодветна стручна подготовка или положен стручен испит (овластување) - дека не ги поседуваат, донесува решение со кое им забранува вршење на таа работа

Член 14

Корисниците на парни котли и постројки под притисок на кои настанало оштетување и со што се загрозени животите на луѓето (експлозија, пожар и слично) или е предизвикана поголема материјална штета, се должни веднаш да ја известат инспекцијата за парни котли

Член 15

Со парична казна од 10.000 до 25 000 динари ќе се казни за прекршок претпријатието или друго правно лице ако во определен рок не постапи според решението на инспекторот за отстранување на недостатоците и неправилностите (член 9 став 2)

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од 1 000 до 25 000 динари ќе се казни и одговорното лице во претпријатието и друго правно лице

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од 5.000 до 15 000 динари ќе се казни и работниот човек кој врши дејност со личен труд

Член 16

Со парична казна од 8 000 до 23 000 динари ќе се казни за прекршок претпријатието или друго правно лице ако во пропишаниот рок не го извести Републичкиот инспекторат за техничка инспекција дека ги отстранил недостатоците утврдени со решението (член 9 и член 10)

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од 800 до 20.000 динари ќе се казни и одговорното лице во претпријатието или друго правно лице

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од 4 000 до 14.000 динари ќе се казни и работниот човек кој врши дејност со личен труд

Член 17

Со парична казна од 6 000 до 20 000 динари ќе се казни за прекршок претпријатието или друго правно лице ако

1) не му овозможи на инспекторот вршење на инспекциски надзор, не даде потребни известувања и податоци во врска со надзорот, не дозволи увид во техничката и друга документација, не обезбедува увид во технолошкиот процес, атестите и други докази за квалитетот на материјалот и опремата, не дозволува земање на мостри и не дава можност да обезбеди други докази (член 7)

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од 600 до 18 000 динари ќе се казни и одговорното лице во претпријатието или друго правно лице

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од 3 000 до 12.000 динари ќе се казни и работниот човек кој врши дејност со личен труд

Член 18

Со парична казна од 5 000 до 18 000 динари ќе се казни за прекршок претпријатието или друго правно лице кога нема да ја извести инспекцијата за парни котли за настанатото оштетување со што се загрозени животите на луѓето или е предизвикана поголема материјална штета (член 14)

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од 500 до 15.000 динари ќе се казни и одговорното лице во претпријатието или друго правно лице.

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од 2 500 до 10 000 динари ќе се казни и работниот човек кој врши дејност со личен труд

Член 19

Претседателот на Републичкиот комитет за индустрија и енергетика упатството за легитимацијата од член 4 став 3 на овој закон, е должен да го

донесе во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за инспекцијата на парни котли („Службен весник на СРМ“ број 27/67).

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

446

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

Се прогласува Завршната сметка за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија ја донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 12 јули 1990 година

Бр 08-2633/1
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р

## ЗАВРШНА СМЕТКА
### ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи, износот на издвоените средства во постојната резерва и разликата меѓу остварените приходи и расходи во 1989 година изнесуваат

| | Планирани | Остварено |
|---|---|---|
| — приходи | 3.720 263 000 000 | 3.604.898.218.262 |
| — расходи | 3.720.263.000.000 | 3 604 898 020.982 |
| од тоа: | | |
| — постојана резерва | 312.521.981.000 | 312 521 981 000 |
| — разлика меѓу остварените приходи и извршените расходи | | 197.280 |

Член 2

Разликата меѓу остварените приходи и извршените расходи, во износ од 197 280 динари, се пренесува како приход на Републичкиот буџет за 1990 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по видови и нивниот распоред по намени се искажуваат во Билансот за извршување на Буџетот кој гласи:

## БИЛАНС
### НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

| Конто | I. ПРИХОДИ | Предвидено со буџет | Предвидено по дополнителни измени | Извршено |
|---|---|---|---|---|
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | I. НЕПОСРЕДНИ ИЗВОРНИ ПРИХОДИ | | | |
| 71 | — ПРИХОДИ ОД ДАНОЦИ ОД ДОХОД НА ОЗТ | | | |
| 710 | Данок од доход на ОЗТ | 36.588.000.000 | 287.000.000.000 | 338.142.915.666 |
| | СÈ ГРУПА 71 | 36.588.000.000 | 287.000.000.000 | 338.142.915 666 |
| | 72 — ПРИХОДИ ОД ДАНОЦИ ОД ЛИЧЕН ДОХОД | | | |
| 720 | Данок од личен доход на работниците | 66.624 178.000 | 420.000.000.000 | 438.854.282 550 |
| 721 | Данок од личен доход на работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд, со средства на трудот во сопственост на граѓаните и од самостојно вршење на професионални дејности | | | 1.321.422.890 |
| 723 | Данок од личен доход од земјоделска дејност | | | 16.429.120 |
| | СÈ ГРУПА 72 | 66.624.178 000 | 420.000.000.000 | 440.192.134.560 |

| | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 73 — | ПРИХОДИ ОД ДАНОЦИ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ И ОД ДАНОЦИ НА ПРОМЕТ ЗА НЕДВИЖНОСТИ И ПРАВА | | | |
| | 730 | Основен данок на промет | 157.500.000 000 | 997.400 000.000 | 784 437 824 490 |
| | 731 | Посебен републички данок на промет на производи | 227 161 983 000 | 948.000 000.000 | 922 569 073 600 |
| | | СЀ ГРУПА 73 | 384 661.983 000 | 1.945 400 000.000 | 1 707.006 898 090 |
| | | 75 — ПРИХОДИ ОД ТАКСИ | | | |
| | 752 | Судски такси | 4 700 000.000 | 16 000.000.000 | 21.756.746 666 |
| | | СЀ ГРУПА 75 | 4 700 000.000 | 16 000 000 000 | 21.756 746 666 |
| | | 77 — ПРИХОДИ ПО ПОСЕБНИ ПРОПИСИ, ПРИХОДИ ОД ОРГАНИ И ОРГАНИЗАЦИИ НА ОПЗ, ПРИХОДИ ПО ОСНОВ НА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО И ДРУГИ ПРИХОДИ | | | |
| | 770 | Парични казни | 5 940.000 000 | 8 000 000 000 | 12.418 055 402 |
| | 771 | Приходи од органи и организации на ОПЗ | 10 000 000 | 10 000.000 | 20.865 000 |
| 0 | 778 | Други приходи | 1 250 000 000 | 10.853.000.000 | 9.562.330 000 |
| | | СЀ ГРУПА 77 | 7 200 000 000 | 18 863 000 000 | 23 007.250 000 |
| | | ВКУПНО НЕПОСРЕДНИ ИЗВОРНИ ПРИХОДИ | 499 774 161 000 | 2 687 263 000 | 2 530 099 944 982 |
| | | II ТРАНСФЕРНИ СРЕДСТВА | | | |
| | | 78 — ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ОПЗ | | | |
| 1 | 782 | Дополнителни средства од Буџетот на Федерацијата | 223.846.735 000 | 1 033.000 000 000 | 918.961 438 980 |
| 2 | 783 | Позајмица од Народна банка на Македонија | — | — | 155 836 834 300 |
| | | СЀ ГРУПА 78 | 223 845 735 000 | 1 033 000 000 000 | 788 272.280 |
| | | ВКУПНО ПРИХОДИ (71—78) | 723.619 896 000 | 3 720 263 000 000 | 3.604.898.218 262 |

| Конто | II. РАСХОДИ (Распоред на приходите) | Предвидено во буџетот | Предвидено со дополнителни измени | Извршено |
|---|---|---|---|---|
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | 40 — СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | | |
| 400 | Средства за доход на работните заедници | 174.176 689 000 | 1 267.323.172.000 | 1 167.323 172 000 |
| 400/1 | Средства за заедничка потрошувачка | 2.176.460.000 | 8.973 234 000 | 8.973 234.000 |
| 401 | Средства за материјални трошоци | 11.966 207.000 | 62.713.710.000 | 62 713 710.000 |
| 401/1 | Средства за општествена исхрана | 15.043 523.000 | 48.994 253.000 | 48.994 253.000 |
| 402 | Средства за амортизација | 2.817.247 000 | 3.131.884.000 | 3.131.884.000 |
| | СЀ ГРУПА 40 | 236.200.126.000 | 1.391 136.253.000 | 1.391.136.253 000 |

| | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 41 — СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И ДРУГИ НАМЕНИ ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА | | | |
| | 410 | Средства за лични доходи и други лични примања на функционерите, раководните работници и делегатите | 29 976 766 000 | 239 400.226 000 | 239 400 226 000 |
| | 415 | Средства за инвестиции за основни средства | 23.547.000 000 | 80.433.000.000 | 80 433 000.000 |
| | 416 | Средства за инвестиции во објекти и опрема на општествениот стандард | 5.200 000 000 | 13 484.200 000 | 13 484 200.000 |
| | 418 | Средства за други потреби за работа на органите на управата | 19.373.375.000 | 86.372.189.000 | 86.372.189.000 |
| | | СЀ ГРУПА 41 | 78.097.141.000 | 419 689.615.000 | 419 689.615.000 |
| | | 42 — СРЕДСТВА ЗА НАРОДНА ОДБРАНА И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА | | | |
| | 420 | Средства за потребите на народната одбрана | 36.584.000 000 | 90.500.000.000 | 90.500 000.000 |
| | | СЀ ГРУПА 42 | 36.584 000 000 | 90.500.000.000 | 90.500 000.000 |
| | | 43 — СРЕДСТВА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА | | | |
| 3 | 431 | Компензации, регреси и надомест | 9.300.000.000 | 79.878.600.000 | 79.878 600.000 |
| 4 | 433 | Други потреби и интервенции во стопанството | 135.790.000.000 | 122.228.725.000 | 122.228.725 000 |
| 5 | 435 | Средства за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја надвор од територијата на ОПЗ | 753.000.000 | 1.600.000.000 | 1.600.000.000 |
| | | СЀ ГРУПА 43 | 145.843.000 000 | 203.707.325.000 | 203.707.325.000 |
| | | 44 — ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДР ОПЗ | | | |
| 6 | 440 | Придонес за Буџетот на Федерацијата | 213.700.000.000 | 851.657.772.000 | 851.657 772.000 |
| 7 | 445 | Дополнителни средства за буџетите на општините | 9.132.229.000 | 107.979.132.000 | 107.979.132.000 |
| | | СЀ ГРУПА 44 | 222.832.229 000 | 959.636 904.000 | 959.636.904.000 |
| | | 45 — СРЕДСТВА ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ | | | |
| 8 | 450 | Средства за образование и воспитување | 28.000.000 | 80.000.000 | 80.000.000 |
| 9 | 451 | Средства за наука | 297.900.000 | 1.705.600.000 | 1.705.600.000 |
| 10 | 452 | Средства за култура и детска заштита | 842.000.000 | 3.256.349.000 | 3.256.349.000 |
| 11 | 454 | Средства за социјална заштита | 10.211.000.000 | 62.742 000.000 | 62.724.000.000 |
| 12 | 456 | Средства за здравствена заштита и здравствено осигурување | 4.495.000.000 | 11.233.000.000 | 11.233.000.000 |
| 13 | 457 | Средства за пензиско и инвалидско осигурување | 3.000.000.000 | 183.000.000.000 | 42 000.000.000 |
| 14 | 458 | Средства за остварување на основните права на борците воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци | 500.000 | 500.000 | 500.000 |
| 15 | 459 | Средства за други општествени дејности | 75.000.000 | 275.000.000 | 275.000.000 |
| | | СЀ ГРУПА 45 | 18.949.400.000 | 262.274.449.000 | 121.274.449.000 |

| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|
| | 46 — СРЕДСТВА ЗА ДРУГИ ОПШТИ ОПШТЕСТВЕНИ ПОТРЕБИ | | | |
| 461 | Средства за општествено-политички и општествени организации | 2 090 000.000 | 15 391.000 000 | 15 391 000 000 |
| | СЀ ГРУПА 46 | 2 090 000 000 | 15 391 000 000 | 15 391 000 000 |
| | 47 — ИЗДВОЈУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА РЕЗЕРВИТЕ | | | |
| 470 | Издвојување во постојната буџетска резерва | 5 000.000 000 | 312 521 981 000 | 312.521 981 000 |
| | СЀ ГРУПА 47 | 5 000 000 000 | 312 521 981 000 | 312 521 981 000 |
| | 48 — ДРУГИ РАСХОДИ | | | |
| 483 | Расходи за обврски од претходната година | 200 000 000 | 190 783 000 | 190 783 000 |
| 488 | Други расходи на ОПЗ | 7 824 000 000 | 90 849 710 000 | 90 849 710 982 |
| | СЀ ГРУПА 48 | 8 024 000 000 | 91 049 710.000 | 91 040 493 982 |
| | ВКУПНО РАСХОДИ (21—57) | 723 619 896 000 | 3 720 263.000 000 | 3 604 898.020.982 |

Член 4

Општиот дел на Завршната сметка за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година се објавува во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

447.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1990 ГОДИНА

Се прогласуваат Измените и дополнувањата на Републичкиот буџет за 1990 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седниците на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 12 јули 1990 година

Бр 08-2632/1
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с р

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с р

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА
## НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ" бр 5/90 и 15/90), во член 1 точка 1 Вкупни приходи износот „1 741 860 000" се заменува со износот „2 215 851 000" и во алинеја 1 — Изворни приходи износот „1 288 760 000" се заменува со износот „1 762 751 000".

Во точка 2 Вкупни расходи износот „1 741 860 000" се заменува со износот „2.215.851 000" и во алинеја 1 — Утврдени намени износот „1 697 335 100" се заменува со износот „2 154 456 100" и во алинеја 3 износот „11 524.900" се заменува со износот „40 324 900".

Член 2

Во Билансот на приходите и расходите на Републичкиот буџет за 1990 година во оддел I Приходи, во точка 1 — Непосредни изворни приходи, во групата 71 — Приходи од даноци од доход на ОЗТ, на контото 710 — Данок од доход на ОЗТ на двете места и во ставката Сè група 71, износот „243 900 000" се заменува со износот „241 300.000". Во групата 72 — Приходи од даноци од личните доходи, во контото 720 — Данок од личен доход на работниците, износот „130 650 000" се заменува со износот „125.528 000" и во Сè група 72, износот „207 650 000" се заменува со износот „202 528.000" Во групата 73 — Приходи од даноци на промет на производи и услуги и од даноци на промет на недвижности и права, во контото 730 — Основен данок на промет, износот „441 295 000" се заменува со износот „591 578 000", во контото 731 — Посебен републички данок на промет на производи, износот „353 880 000" се заменува со износот „685 310 000", износот на групата и во ставката Сè група 73 износот „795 175 000" се заменува со износот „1 276 888 000" Во ставката Вкупно непосредни-изворни приходи, износот „1 288 760 000" се заменува со износот „1 762 751 000" и во ставката Вкупни приходи (од 71 до 78) износот „1.741 860 000" се заменува со износот „2 215 851 000".

Во оддел II — Расходи (распоред на приходите) во групата 40 — Средства за работа на органите на управата во контото 401 — Средства за материјални трошоци, износот „57 968 000" се заменува со износот „77 815 308", во контото 402 — Средства за амортизација, износот „170 700" се заменува со износот „270 700", износот на групата и во ставката Сè група 40, износот „624 503 500" се заменува со износот „644.450.808".

Во групата 41 — Средства за посебни намени и други намени за работа на органите на управата во контото 415 — Средства за инвестиции за основни средства, износот „25 095.000" се заменува со износот „36 195.000", контото 416 — Средства за инвестиции во објекти и опрема на општествениот стандард,

питулација: за функција на органот, износот „482. 700“ се заменува со износот „505.200“ и во ставката Вкупно, износот „657.700“ се заменува со износот „680.200“.

31. Во Раздел 63 — Републички фонд за кредитирање на побрзиот развој на недоволно развиените краишта, позиција 565 конто 401 — Материјални трошоци, износот „33.000“ се заменува со износот „58.000“, износот на основната намена „395.100“ се заменува со износот „420 100“, во ставката Вкупно раздел 63 (позиции од 563 до 568), износот „1.017 100“ се заменува со износот „1.042.100“, во ставката Рекапитулација: за функција на органот, износот „724.100“ се заменува со износот „749.100“ и во ставката Вкупно, износот „1.017.100“ се заменува со износот „1.042.100“.

32. Во Раздел 65 — Средства за компензации и регреси, позиција 574 конто 431 — Компензација на цената на дневните информативни весници и друго, износот „13.000.000“ се заменува со износот „23.000. 000“, износот на основната намена „20.300.000“ се заменува со износот „30.300 000“, во ставката Вкупно раздел 65 (позиции од 574 до 576), износот „20. 300.000“ се заменува со износот „30.300.000“.

33. Во Раздел 66 — Други обврски на Републиката, позиција 579 конто 416 — За изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката, износот „2.500 000“ се заменува со износот „8.555.672“, износот на основната намена „19.257. 800“ се заменува со износот „25.313.472“, позиција 590 конто 433 — Средства за отплата на кредити, износот „20.000 000“ се заменува со износот „25 000. 000“, позиција 598 конто 433 — Учество во изградбата на водоводи во општините, износот „5.600.000“ се заменува со износот „10.600.000“, износот на основната намена „229.457.000“ се заменува со износот „239.475.000“, се додава нова позиција 620/1 конто 452 — Интернационален конгрес на словенска археологија „500.000“, износот на основната намена „171.530.000“ се заменува со износот „172.030.000“, во ставката Вкупно раздел 66 (позиции од 577 до 628), износот „495.137.800“ се заменува со износот „511. 693.472“.

34. Во Раздел 68 — Средства на резервите позиција 651 конто 483 — Обврски од минати години, износот „300.000“ се заменува со износот „23.781.000“, позиција 652 конто 488 — Тековна буџетска резерва, износот „11.524.900“ се заменува со износот „40 324. 900“, позиција 653 конто 488/1 — Средства за усогласување на личните доходи на вработените согласно со Општествениот договор, износот „1.100.000“ се заменува со износот „269.020 097“.

По позиција 653 се додава нова позиција 654 со конто 488/2 — Докуп на стаж и отпремнина на пензионирани работници со износ на контото „30.000.000“. Износот на основната намена „12.824.900 се заменува со износот „363.125.997“ во ставката Вкупно раздел 68 во заградата бројот „653“ се заменува со бројот „654“, а износот „34.094.900“ се заменува со износот „384.195.997“.

Член 4

Овие измени и дополнувања влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**448.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2653
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ“ бр. 50/82, 38/83, 3/85, 16/85, 44/85, 46/86, 44/87, 7/88, 28/88, 51/88, 46/89, 4/90 и 15/90), во членот 2 во уводната реченица стапката „1,60%“ се заменува со стапката „1,52%“, во алинејата 1 стапката „0,80%“ се заменува со стапката „0,76%“, во алинејата 2 стапката „0,70%“ се заменува со стапката „0,66%“ и во алинејата 3 стапката „1,00%“ се заменува со стапката „0,95%“.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 1990 година.

---

**449.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД

Се прогласува Законот за изменување на Законот за данокот од доход,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2648
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ ОД ДОХОД

Член 1

Во Законот за данокот од доход („Службен весник на СРМ“ бр. 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88, 42/88, 51/88, 18/89, 26/89, 36/89, 43/89, 47/89, 4/90, 5/90 и 15/90), во членот 10 во уводната реченица стапката „2,85%“ се заменува со стапката „2,83%, во алинејата 1 стапката „8,80%“ се заменува со стапката „8,6%“, во алинејата 2 стапката „5,80%“ се заменува со стапката „5,65%“, во алинејата 3 стапката „4,0%“ се заменува со стапката „3,9%“, во алинејата 4 стапката „2,40%“ се заменува со стапката „2,35%“, во алинејата 5 стапката „2,35%“ се заменува со стапката „2,30%“ и во алинејата 6 стапката „1,30%“ се заменува со стапката „1,27%“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 1990 година.

**450.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД

Се прогласува Законот за изменување на Законот за самостојно вршење дејност со личен труд,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2652
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САМОСТОЈНО ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ СО ЛИЧЕН ТРУД

Член 1

Во Законот за самостојно вршење дејност со личен труд („Службен весник на СРМ" бр. 18/89 и 46/89), во членот 6 ставот 2 се брише.

Член 2

Во членот 21 став 1 бројот „2.000.000" се заменува со бројот „1.500", а бројот „10.000.000" се заменува со бројот „15.000".

Член 3

Во членот 22 бројот „1.000.000" се заменува со бројот „1 000", а бројот „5.000.000" се заменува со бројот „10.000".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**451.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА И ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за угостителската и туристичката дејност,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2650
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА И ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за угостителската и туристичката дејност („Службен весник на СРМ" бр. 24/83, 21/84, 29/86, 36/88, 29/89 и 46/89), членот 15 се брише.

Член 2

Во членот 85 бројот „150.000" се заменува со бројот „50.000", а бројот „3.500.000" се заменува со бројот „300.000".

Во ставот 2 бројот „50.000" се заменува со бројот „5.000", а бројот „1.000.000" се заменува со бројот „20.000".

Член 3

Во членот 86 ставот 1 бројот „1.000.000" се заменува со бројот „2.000", а бројот „20.000.000" се заменува со бројот „20.000".

Во ставот 2 бројот „500.000" се заменува со бројот „500", а бројот „1.500.000" се заменува со бројот „2.500".

Член 4

Во членот 87 ставот 1 бројот „800.000" се заменува со бројот „1.000", а бројот „15.000.000" се заменува со бројот „15.000".

Во ставот 2 бројот „35.000" се заменува со бројот „300", а бројот „1.200.000" се заменува со бројот „2.000".

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**452**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОБИРАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ, ПРЕРАБОТКА И ПРОМЕТ НА ОТПАДНИ МАТЕРИЈАЛИ ШТО СЕ КОРИСТАТ КАКО СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за собирање, користење, преработка и промет на отпадни материјали, што се користат како секундарни суровини,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2619
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОБИРАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ, ПРЕРАБОТКА И ПРОМЕТ НА ОТПАДНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ШТО СЕ КОРИСТАТ КАКО СЕКУНДАРНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за собирање, користење, преработка и промет на отпадните материјали што се користат како секундарни суровини („Службен весник на СРМ" број 23/83 и 46/89), во членот 3 зборовите: „организациите на здружениот труд, другите самоуправни организации и заедници, општините, месните заедници, здруженијата на граѓаните, правни лица (ор-

ганизации, другите самоуправни организации и заедници)“ се заменуваат со зборовите: „претпријатијата и другите правни лица“.

Член 2

Во членовите 4, 5, 6, 7 9, 15 ставот 2 и 24 зборовите: „организациите, другите самоуправни организации и заедници“ се заменуваат со зборовите: „претпријатијата и другите правни лица“, а во членовите 5 ставот 1, 8, 9, 10 ставот 1, 11, 12, 13, 14, 15 став 2, 18 став 2, 19 и 20 ставот 1 алинеја 1 и ставот 2 зборовите: „организациите на здружениот труд“, се заменуваат со зборовите: „претпријатијата“.

Член 3

Членовите 9 и 13 се бришат.

Член 4

Во членот 19 ставот 1 бројот „5.000.000“ се заменува со бројот „50 000“, а бројот„ „45.000.000“ се заменува со бројот „300.000“, а алинејата 4 се брише.

Во ставот 2 бројот „1.000.000“ се заменува со бројот „5.000“, а бројот „2.500.000“ се заменува со бројот „20.000“.

Член 5

Во членот 20 ставот 1 бројот „4.000.000“ се заменува со бројот „30.000“, а бројот „40.000.000“ се заменува со бројот „200.000“.

Во ставот 2 бројот „800.000“ се заменува со бројот „3.000“, а бројот „2 000.000“ се заменува со бројот „15.000“.

Член 6

Во членот 21 бројот „500.000“ се заменува со бројот „500“, а бројот „15.000.000“ се заменува со бројот „2.500“.

Член 7

Во членот 22 бројот „400.000“ се заменува со бројот „250“ а бројот „13.000.000“ се заменува со бројот „2.000“.

Член 8

Во членот 23 бројот „300.000“ се заменува со бројот „200“, а бројот „2.000.000“ се заменува со бројот „1.500“.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**453**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ, РЕПУБЛИКАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2654
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ, РЕПУБЛИКАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр. 15/90), член 2 се менува и гласи:

„Забраната на располагањето со дел од општествените средства за финансирање на општите општествени и на заедничките потреби, за делот што се ограничува се однесува на изворните приходи од даноци и придонеси од доходот и од личниот доход, и тоа за:

— Републичкиот буџет — просечната стапка на данокот од доход изнесува 3,090%, а просечната стапка на данокот од личен доход изнесува 0,973%;

— Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија — стапката на придонесот од личен доход изнесува 16,696%;

— Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — стапката на придонесот од личен доход изнесува 0,136%;

— Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата:

а) за општествена заштита на децата — стапката на придонесот од личен доход изнесува 0,912%, а;

б) стапката на придонесот од личен доход за основно образование изнесува 0,542%;

— Републичката самоуправна интересна заедница на насоченото образование — стапката на придонесот од доход изнесува 4,422%, а стапката на придонесот од личен доход изнесува 3,159%;

— Републичката самоуправна интересна заедница на културата — стапката на придонесот од доход изнесува 0,380%, а стапката на придонесот од личен доход изнесува 0,285%;

— Републичката самоуправна интересна заедница за научно-истражувачка дејност — стапката на придонесот од доход изнесува 0,570%, а стапката на придонесот од личен доход изнесува 0,380%;

— Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита стапката на придонесот од доход изнесува 0,180%, а стапката на придонесот од личен доход изнесува 0,064%;

— Републичката самоуправна интересна заедница за вработување — стапката на придонесот од личен доход изнесува 0,451%.

Општините и општинските самоуправни интересни заедници од општествените дејности се должни со своите прописи да извршат намалување на стапките на придонесите од доходот и на даноците и придонесите од личниот доход просечно за процентот утврден во овој став:

— во општините во кои збирната стапка на данокот и придонесите од доходот изнесува:

| | | | |
|---|---|---|---|
| — до | 2% | намалувањето да изнесува | 4%; |
| — до | 3% | „ „ | 5% и |
| — над | 3% | „ „ | 6%, |

— во општините во кои збирната стапка на данокот и придонесите од личниот доход изнесува:

| | | | |
|---|---|---|---|
| — до | 13% — | намалувањето да изнесува | 1% |
| — до | 14% — | „ „ | 2% |
| — до | 15% — | „ „ | 3% |
| — до | 16% — | „ „ | 4% |
| — до | 17% — | „ „ | 5% |
| — до | 18% — | „ „ | 6% |
| — до | 19% — | „ „ | 7% |
| — до | 20% — | „ „ | 8% |
| — до | 21% — | „ „ | 9% |
| — над | 21% — | „ „ | 10%. |

Во рамките на намалувањето на стапките на даноците и придонесите од доходот и од личниот доход од став 2 на овој член, општините и општинските самоуправни интересни заедници од општествените дејности можат да се определат и за селективно корегирање на стапките.

Општините, Републиката и самоуправните интересни заедници од општествените дејности се должни своите прописи да ги усогласат со одредбите на овој закон во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон".

Член 2

Во член 3 зборовите: „став 2" се заменуваат со зборовите „став 4".

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 1990 година.

---

454.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за водите,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2634/1
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИТЕ

Член 1

Во Законот за водите („Службен весник на СРМ" број 6/81, 37/87 и 51/88), во членот 13 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Ако општината не постапи според став 2 на овој член, во рок од 60 дена по извршувањето на работите од став 1 на овој член, Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе ги определи кои водотеци или делови од водотеци го изгубиле својството на природен водотек и ги пренесува на управување на водостопанската или друга организација".

Ставовите 3 4 и 5 стануваат ставови 4, 5 и 6.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

455.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за државната управа,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2661/1
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80, 28/81, 28/88 и 48/89), во членот 208-в ставот 1 се менува и гласи:

„За групите работи и задачи од член 208-б став 3 на овој закон се утврдуваат, во распони, следниве коефициенти:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | нормативно-правни и студиско-аналитички работи и задачи | од 2,60 до 3,00 |
| 2. | управно-надзорни работи и задачи | од 2,50 до 2,75 |
| 3. | управни, стручни, информациони и документациони работи и задачи | од 2,20 до 2,50 |
| 4. | стручно оперативни работи и задачи | од 1,90 до 2,15 |
| 5. | оперативно-технички, финансиско-материјални и канцелариски работи и задачи | од 1,60 до 1,85 |
| 6. | манипулативни работи и задачи | од 1,00 до 1,30 |

Член 2

Во членот 44 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 48/89), зборовите: „но најдоцна до 1 јули 1990 година" се бришат, а се додаваат зборовите: „а до тогаш Извршниот совет со овој акт ќе ги утврди коефициентите во распон од 0,8 до 2,1".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

456.

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за железничкиот сообраќај,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2651
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Со овој закон се уредува вршењето на железничкиот сообраќај, основањето на јавно железничко транспортно претпријатие, финансирањето на железничката инфраструктура, изградбата, одржувањето и заштитата на пруги, постројки, уреди и објекти на пругите.

Член 2

Железничкиот сообраќај на територијата на Социјалистичка Република Македонија претставува единствен технолошки систем и дел на системот на Југословенските железници.

Член 3

Работите на организирањето и извршувањето на превозот на патници и предмети, влечењето на возовите, одржувањето и ремонтот на пругите, постројките, уредите и објектите на пругата, изградбата и одржувањето на влечните и влечените возила и одржувањето на сигнално сигурносните, телекомуникационите и електротехничките постројки се од посебен општествен интерес.

Член 4

Превозот на патници и предмети во железничкиот сообраќај го врши јавно железничко транспортно претпријатие (во натамошниот текст: железничко транспортно претпријатие).

Железничкото транспортно претпријатие го основа Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 5

Железничкото транспортно претпријатие е одговорно за состојбата во железничкиот сообраќај и е должно да обезбеди трајно, непрекинато и квалитетно вршење превоз на патници и предмети во железничкиот сообраќај и одржување и заштита на железничките пруги, постројки, уреди и објекти на пругите, железничките возила и други средства за работа, заради безбедно вршење на железничкиот сообраќај.

Железничкото транспортно претпријатие одговара за штетата која ќе им ја нанесе на корисниците на превозот поради неизвршување на обврските од став 1 на овој член.

Член 6

Остварувањето на посебниот општествен интерес за работите од член 3 на овој закон се обезбедува со образување на надзорен орган, со учество на претставници на Републиката во одлучувањето на работите од посебен општествен интерес и со давање согласност на одредбите од статутот и на другите акти што се од значење за остварување на посебниот општествен интерес.

Член 7

Како работи од посебен општествен интерес во чие одлучување учествуваат и претставници на Републиката во железничкото транспортно претпријатие се:

1) донесување на статутот;

2) донесување на план за развој на железничката инфраструктура за долгорочниот и среднорочниот период и годишна програма за реализација на планот;

3) донесувањето на одлуки за промена на дејноста;

4) утврдување насоки за донесување на возните редови;

5) усвојување на годишниот извештај за резултатите од работата;

6) именување и разрешување на работоводниот орган; и

7) утврдување на програми и мерки кои произлегуваат од подготовките за општонародната одбрана и општествената заштита.

За работите од став 1 на овој член се одлучува со мнозинство на гласови и на претставниците на Републиката.

Член 8

Во одлучувањето за работите од посебен општествен интерес во Железничкото транспортно претпријатие, учествуваат и претставници на Републиката.

Претставниците на Републиката од став 1 на овој член ги определува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 9

Собранието на Социјалистичка Република Македонија дава согласност на одредбите на статутот на железничкото транспортно претпријатие што се однесуваат на развојот и одржувањето на железничката инфраструктура, како и на планот за развој на железничката инфраструктура за долгорочниот и среднорочниот период, годишната програма за реализација на планот и на одлуките за именување и разрешување на работоводниот орган.

Член 10

Под железничка инфраструктура, во смисла на овој закон, се сметаат:

1) железничките пруги и објектите на пругите;

2) објектите за електрична влеча на возовите;

3) објектите за сигнално-сигурносни постројки;

4) објектите за телекомуникациони и информативни постројки во железничкиот сообраќај; и

5) зградите на железничките станици, депоата и другите градежни објекти на железничките станици.

Член 11

Извори на финансирање на изградба на железничката инфраструктура се обезбедуваат од:

— здружување на средства на корисниците на транспортните услуги;

— учество на Републиката;

— кредити;

— домашни и странски заеднички вложувања; и

— други извори.

Член 12

Извори за финансирање и одржувањето и модернизацијата на железничката инфраструктура се обезбедуваат од:

— средства на железничкото транспортно претпријатие од делот на средствата на амортизација на железничката инфраструктура;

— здружување на средства на корисниците на транспортните услуги;

— учество на Републиката;

— кредити;

— домашни и странски заеднички вложувања; и

— други извори.

Член 13

Одобрение за изградба на железничка пруга и постројки, уреди и објекти на пругата може да се издаде по претходно прибавена согласност од републичкиот орган на управата надлежен за работите на железничкиот сообраќај

Член 14

Железничкото транспортно претпријатие и претпријатието за одржување на патиштата, се должни да ги одржуваат патните премини заради безбеден и непречен сообраќај.

По исклучок од став 3 на овој член, жалбата не го одлага извршувањето на решението, ако се работи за преземање на итни или неодложни мерки во интерес на безбедноста и уредноста на железничкиот сообраќај или ако поради одлагање на спроведувањето на мерките би можело да дојде до загрозување на безбедноста на сообраќајот.

Член 24

Инспекторот за железнички сообраќај може да врши преглед во секое време без претходно најавување.

Инспекторот за железнички сообраќај има право да ги прегледа особено железничките пруги, објектите на пругите, железничките возила, постројките и уредите што се користат за вршење на сообраќајот, како и работите што се изведуваат на тие објекти и средства или во заштитниот појас на железничката пруга и има право да ја разгледа техничката и другата документација што содржи податоци потребни за вршење на инспекцијата.

Железничкото транспортно претпријатие е должно на инспекторот за железнички сообраќај да му овозможи непречено вршење на инспекцискиот надзор и увид во документацијата потребна за вршење на инспекцискиот надзор.

Член 25

За инспектор за железнички сообраќај може да се назначи дипломиран машински инженер, дипломиран електро инженер, дипломиран сообраќаен инженер и дипломиран градежен инженер, со најмногу три години работно искуство во струката или машински инженер, електро инженер, сообраќаен инженер и градежен инженер со најмалку пет години работно искуство во струката.

Член 26

Инспекторот за железнички сообраќај е овластен:

1) да нареди, привремено отстранување на техничките и други недостатоци, односно привремено исклучување од сообраќај железнички возила ако постои опасност со нивната употреба да се загрози безбедноста на железничкиот сообраќај;

2) железничкиот работник кој непосредно учествува во вршењето на сообраќајот, привремено да го отстрани од работното место ако не ги исполнува пропишаните здравствени и стручни услови за самостојно вршење на работите на своето работно место или ако на работното место се наоѓа на подолго од пропишаното работно време;

3) да нареди отстранување на неправилностите во вршењето на железничкиот сообраќај и вршењето на тој сообраќај да се усогласи со прописите, а по потреба да го определи начинот за отстранување на утврдените неправилности од вршењето на железничкиот сообраќај;

4) да нареди запирање на работите што се изведуваат во заштитниот појас на железничката пруга, ако се утврди дека постои опасност со тие работи да се загрози безбедноста на сообраќајот; и

5) да нареди запирање на работите што се изведуваат во заштитниот појас на железничката пруга ако тие се изведуваат без одобрение за градење.

Член 27

Инспекторот за железнички сообраќај е должен да му достави на органот на управување на железничкото транспортно претпријатие извештај за извршениот инспекциски преглед.

Член 28

Железничкото транспортно претпријатие го известува Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски за работите кои се изведуваат во близина на железничките пруги, постројки, уреди и објекти, кои можат да бидат од влијание за безбедноста на железничкиот сообраќај во рок од 15 дена пред отпочнување на работите

Железничкото транспортно претпријатие го известува Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски за секоја железничка несреќа и незгода во рок од три дена, а за потешките железнички несреќи веднаш по настанувањето на несреќата.

Член 29

Железничкото транспортно претпријатие е должно на Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски, по негово барање да му доставува извештаи за состојбата на железничките пруги и возилата.

Член 30

Инспекторот за железнички сообраќај има легитимација.

Образецот на легитимацијата од став 1 на овој член го пропишува функционерот кој раководи со републичкиот орган на управата надлежен за работите на железничкиот сообраќај.

Член 31

Железничкото транспортно претпријатие е должно на органите за јавен ред и безбедност да им обезбеди услови за вршење работа на обезбедување на јавниот ред во возовите за превоз на патници.

Член 32

Со парична казна од 4.000 до 20.000 динари ќе се казни за прекршок железничкото транспортно претпријатие или друго правно лице ако:

1) гради згради, и други објекти, поставува постројки и уреди во заштитниот појас покрај железничката пруга спротивно на член 18 став 1 до 4 од овој закон;

2) не постапи по решението на инспекторот за железнички сообраќај (член 23 став 2);

3) на инспекторот за железнички сообраќај не му обезбеди непречено вршење на инспекцискиот преглед или ако му оневозможи увид во потребната документација (член 24 ставови 2 и 3);

4) не го извести Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски за работите кои се изведуваат во близина на железничката пруга, постројките и објектите кои можат да бидат од влијание врз безбедноста на железничкиот сообраќај, како и за секоја железничка несреќа и незгода (член 28);

5) на Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски, по негово барање, не му достави извештај за состојбата на железничките пруги и возила (член 29); и

6) на органите на јавниот ред и безбедност не им обезбеди услови за вршење на работите за обезбедување на јавниот ред во возовите за превоз на патници (член 31).

Со парична казна од 400 до 2.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во железничкото транспортно претпријатие или друго правно лице.

Член 33

Со парична казна од 400 до 2.000 динари ќе се казни за прекршок физичко лице, ако гради згради и други објекти во заштитниот појас покрај железничката пруга спротивно на член 18 став 1 до 4 од овој закон.

Член 34

Поблискиот пропис од член 30 на овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 35

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за железниците („Службен весник на СРМ“ број 46/78 и 13/86).

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**457.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштитата при работа,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година

Бр. 08-2647/1
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТАТА ПРИ РАБОТА

Член 1

Во Законот за заштитата при работа („Службен весник на СРМ" бр. 17/87 и 51/88), во член 72 став 1 зборовите „1.500.000 до 40.000 000" се заменуваат со зборовите „10.000 до 400 000".

Во ставот 2 зборовите „500 000 до 1 000.000" се заменуваат со зборовите „5 000 до 25 000"

Член 2

Во член 73 став 1 зборовите „800.000 до 2 500 000" се заменуваат со зборовите „8 000 до 25 000"

Во став 2 зборовите „200 000 до 250.000" се заменуваат со зборовите „800 до 2 500"

Член 3

Во член 74 став 1 зборовите „500 000 до 1 500 000" се заменуваат со зборовите „5.000 до 20.000"

Во став 2 зборовите „150.000 до 250.000" се заменуваат со зборовите „500 до 2.000"

Во став 3 зборовите „300 000 до 1.000 000" се заменуваат со зборовите „1 000 до 15.000"

Став 4 се менува и гласи „За прекршок од став 3 на овој член ќе се казни и одговорното лице во здравствената организација со парична казна од 500 до 15 000 динари".

Член 4

Во член 75 став 1 зборовите „400 000 до 800.000" се заменуваат со зборовите „4 000 до 15 000".

Во став 2 зборовите „80 000 до 150.000" се заменуваат со зборовите „400 до 15.000"

Член 5

Во член 76 став 1 зборовите „350 000 до 600 000" се заменуваат со зборовите „3 500 до 10 000"

Во став 2 зборовите „60 000 до 120 000" се заменуваат со зборовите „300 до 1 000"

Член 6

Во член 77 став 1 бројот „15.000" се заменува со бројот „150", а во став 2 бројот „1 500" се заменува со „450"

Член 7

Во член 78 бројот „15.000" се заменува со бројот „100"

Член 8

Во член 80 зборовите „500.000 до 1 500 000" се заменуваат со зборовите „3 000 до 15 000"

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

---

**458.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУДОТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за инспекцијата на трудот,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 12 јули 1990 година

Бр. 08-2594
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУДОТ

Член 1

Во Законот за инспекцијата на трудот („Службен весник на СРМ" бр. 31/85 и 31/88), во членот 34 ставот 1 зборовите „од 800 000 до 2 500.000" се заменуваат со зборовите „од 8 000 до 25 000"

Во ставот 2 зборовите „од 200 000 до 250.000" се заменуваат со зборовите „од 1 000 до 2 500".

Во ставот 3 зборовите „од 800 000 до 1.500.000" се заменуваат со зборовите „од 8 000 до 15 000".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

---

**459.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за управната инспекција,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 12 јули 1990 година.

Бр. 08-2621/1
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за управната инспекција („Службен весник на СРМ" бр. 29/79 и 22/87), во членот 24 ставот 1 зборовите: „10.000 до 60 000" се заменуваат со зборовите „100,00 до 1.200,00".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**460**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАЗАРИШНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за пазаришната инспекција,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 12 јули 1990 година.

Бр 08-2622
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с р

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАЗАРИШНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за пазаришната инспекција („Службен весник на СРМ" бр. 40/73, 6/79, 34/84, 7/86 и 46/89), во членот 28 ставот 1 бројот „500 000" се заменува со „2 500", а бројот „20 000 000" со бројот „15 000"

Во ставот 2 бројот „15 000" се заменува со бројот „2 000", а бројот „1 400 000" со бројот „10 000"

Член 2

Во членот 29 бројот „300 000" се заменува со бројот „1 000", а бројот „14 000 000" со бројот „8 000".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

---

**461.**

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 3 став 2 од Законот за исплата на личните доходи, на средствата за непосредна заедничка потрошувачка и на средствата за исхрана на работниците во текот на работата („Службен лист на СФРЈ" бр 37/90), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 12 јули 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИСПЛАТА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ, СРЕДСТВАТА ЗА НЕПОСРЕДНА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА И СРЕДСТВАТА ЗА ИСХРАНА

Член 1

Исплатата на личните доходи, средствата за непосредна заедничка потрошувачка и средствата за исхрана на делегатите и функционерите кои ги избираат или именуваат собранијата на општественополитичките заедници и нивните органи се врши на начин утврден според Одлуката за основите и мерилата за стекнување распределба на личните доходи и другите примања и надоместоци на функционерите што ги избира, односно именува Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 24/85, 38/86 и 39/89) и Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на носителите на правосудните функции кои ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во Стручните служби на Собранието на СРМ, („Службен весник на СРМ" број 39/86, 32/87 и 39/89), како и според одлуките на собранијата на општествено-политичките заедници и нивните органи, односно според постојните коефициенти

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до донесувањето на закон со кој ќе се уреди прашањето за исплатата на личните доходи и другите примања и надоместоци на делегатите, функционерите и другите работници.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 08-2660
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с р

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с р

---

**462.**

Врз основа на член 4 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр 6/81 и 40/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ДОДАТОК НА ДЕЦА ВО 1990 ГОДИНА

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за обезбедување средства во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за додаток на деца во 1990 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата одржана на 7 јуни 1990 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 22-2659
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

463.

Врз основа на член 218 став 2 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83, 29/89 и 15/90), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 1990 ГОДИНА**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување висината на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за основно образование во 1990 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата одржана на 7 јуни 1990 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 22-2658
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с р

464.

Врз основа на член 249 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр 16/85, 29/88, 7/88, 18/89 и 29/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЕЛЕКТРО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ**

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Работната организација Електро-технички факултет — Скопје, што се однесуваат на правата и обврските на студентите, организацијата (режимот) на студирањето, начинот и постапката за донесување планови и програми за воспитно-образовната дејност, начинот на одлучување на претставниците на општествената заедница, условите за избор на наставни, наставно-научни, научни и соработнички звања и условите за именување индивидуален работоводен орган, што го донесоа работниците на Факултетот, на референдумот одржан на 21 март 1990 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 22-2657
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с р

465.

Врз основа на член 46 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ бр 6/81 и 40/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА**

Се потврдува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата одржана на 26 декември 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 22-2656
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с р

466.

Врз основа на член 33 од Законот за радиодифузијата („Службен весник на СРМ“ бр 20/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 12 јули 1990 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ**

Се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие Радио-телевизија Скопје, што го донесоа работниците на Јавното претпријатие Радио-телевизија Скопје, на референдумот одржан на 31 мај 1990 година

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 22-2655
12 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с р

467.

Врз основа на член 26, став 3 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници („Службен весник на СРМ“ бр 39/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЗДРАВСТВЕНА КОНТРОЛА НА РАСТЕНИЈАТА КОИ СЕ ИЗВЕЗУВААТ**

I

Задолжителната здравствена контрола на пратките на растенијата што се извезуваат од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а се това-

раат на територијата на Социјалистичка Република Македонија, ја врши Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За задолжителната здравствена контрола на пратките на растенијата од став 1, се плаќа надоместок кој во зависност од видот на пратката изнесува:

1. за вагонски и камионски пратки и за пратки во контејнери до 10 тони — 40,00 динари, а за секој натамошен (започнат) тон уште по 4,00 динари;

2. за денковни и авионски пратки до три колети — по 12,00 динари, а за секој натамошен колет — уште по 0,60 динари,

3. за поштенски пратки до десет килограми — 6,00 динари, а за секој натамошен килограм уште по 0,60 динари,

4 за пратки на дрво (трупци, режана граѓа, јамско дрво, разни видови на преработки од дрво и сл) — 0,60 динари за секој кубен метар, а за пратки на целулозно и огревно дрво 0,40 динари за секој кубен метар.

Надоместокот за задолжителна здравствена контрола на семе и саден материјал се зголемува за 100% од висината на надоместокот утврден во точките 1, 2, 3 и 4 од дел I на оваа одлука

Ако извозникот бара да се изврши преглед на амбалажата за стока што не подлежи на задолжителна здравствена контрола плаќа надоместок како за вагони односно камионски пратки

II

Ако овластеното лице на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство излезе на лице место на повик од извозникот во определеното време, а извозникот навреме не ја подготвил пратката за задолжителна здравствена контрола, тој е должен на име денгуба на овластеното лице да му плати по 30,00 динари по еден час чекање

III

Ако прегледот на пратките на растенијата од точките 1, 2, 3 и 4 од дел I на оваа одлука се врши ноќе и во денови на државни празници, износот на надоместокот се зголемува за 100%.

IV

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот за вршење задолжителна здравствена контрола на растенијата кои се извезуваат („Службен весник на СРМ" бр 38/89)

V

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

Бр 23-1489/1
13 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с р

**468.**

Врз основа на член 109 од Законот за водите („Службен весник на СРМ" бр 6/81, 37/87 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИСПУШТАЊЕ НА ВОНРЕДНИ КОЛИЧЕСТВА НА ВОДА ОД МАВРОВСКОТО ЕЗЕРО ВО РЕКАТА ВАРДАР

1. Јавното претпријатие „Електростопанство на Македонија" — Скопје се задолжува континуирано да испушта 5 $m^3/c$ вода од Мавровското Езеро во реката Вардар почнувајќи од 6 часот до 18 часот до 10 август 1990 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1554/1
13 јули 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**469.**

Врз основа на член 84 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА САМОСТОЕН СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1 Се разрешува од должноста самостоен советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија Петко Стефановски, поради заминување на друга должност, заклучно со 30 јуни 1990 година.

2 Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ"

Бр 17-1512/1
6 јули 1990 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Илија Филиповски,** с. р

**470.**

Врз основа на член 7 од Самоуправната спогодба за здружување на средствата за прибавување на станови и станбени згради за потребите на работниците, раководните работници и функционерите во републичките органи и Заклучокот на Конференцијата од седницата на 13 јуни 1990 година, Конференцијата на учесниците на Спогодбата донесе

## ПРОГРАМА

### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА НА РАБОТНИЦИТЕ, РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ, УЧЕСНИЦИ ВО САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПРИБАВУВАЊЕ НА СТАНОВИ И СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ, РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ

I

Со оваа програма се утврдува начинот на користењето на средствата за кредитирањето на станбената изградба и за купувањето на станови, нивната големина и начинот на нивното финансирање во 1990 година

II

Средствата за кредитирањето на станбената изградба и за купувањето и изградбата на општествени станови се утврдуваат во износ од 4 275 214 динари од кои·

414 238 динари, пренесени од претходната година 3 762.278 динари, од тековниот прилив од чистиот доход од 1990 година и 1 093 динари од средствата од отплата на ануитети за доделени кредити 47.605 динари од амортизацијата и 50.000 динари од личното учество за добивање на општествен стан.

III

Расположливите средства ќе се користат и тоа:

— за кредитирање на прибавувањето на станови во лична сопственост и за изградба на станбени згради во лична сопственост — 25.651 128 динари;

— за прибавување на станови во општествена сопственост — 1 702 451 динари,

— отплата на ануитети за купени општествени станови — 7.635,00 динари.

IV

Од средствата за купување на нови станови ќе се купат 5 станови со вкупна станбена површина од 283 $m^2$.

V

Од средствата за кредитирање на станбената изградба ќе се користат и тоа

— 2 052 102 динари за изградба и купување нови станови,

— 513 026 динари за адаптација и подобрување на условите за живеење во становите во лична сопственост

VI

Неангажираните средства за кредитирање на станбена изградба ќе се користат за купување на општествени станови

VII

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр 03-1600/1
16 јули 1990 година
Скопје

Претседател на Конференцијата на учесниците во Спогодбата,
**Катица Арнаудова,** с р

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**193.**

Врз основа на член 61, став 3 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр 19/83), и член 47 од Статутот на Републичката заедница, Собранието на Републичката заедница по предлог на Републичкиот педагошки совет бр 13-109/2 од 25 јуни 1990 година, на седницата одржана на 6 јули 1990 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИ ВО НАСТАВНИ ПРОГРАМИ ЗА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Заради намалување на содржинската оптовареност и на пренагласените идеологизирани содржини во наставните програми за основното воспитание и образование, се донесуваат измени во наставните програми по предметите

1 Мајчин јазик,
2 Странски јазик,
3 Музичка култура,
4 Запознавање на природата,
5 Запознавање на општеството,
6. Запознавање на природата и општеството,
7 Математика,
8 Физика,
9 Хемија,
10 Биологија
11 Географија,
12 Историја,
13 ОТП,
14 Физичко воспитание,
15 Вонтаставни активности.

Член 2

Измените на наставните програми наведени во член 1 од оваа одлука ќе се применуваат од 1 септември 1990 година, односно од учебната 1990/91 година.

Член 3

Подготовките за примена на измените на програмите наведени во член 1 од оваа одлука ќе ги изврши Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието а ќе ги издаде Републичката заедница

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр 11-738/6
6 јули 1990 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с р.

**194.**

Врз основа на член 61, став 3 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр 19/83) и член 47 од Статутот на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката заедница по предлог на Републичкиот педагошки совет бр 13-109/2 од 25 јуни 1990 година, на седницата одржана на 6 јули 1990 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВО ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И УТВРДУВАЊЕ ДИНАМИКА НА НИВНА ПРИМЕНА

Член 1

Се донесуваат

1. Наставен план и програми за воспитно-образовна дејност на основното воспитание и образование за I, II, III IV одделение во периодичните паралелки;

2. Програма по македонски јазик за паралелките со настава на албански и турски јазик во основното воспитание и образование, со Норматив за наставен кадар

Член 2

Наставните планови и програми наведени од точка 1 и точка 2 од член 1 на оваа одлука, ќе се применуваат почнувајќи од 1 септември 1990 година, односно од учебната 1990/91 година

Член 3

Подготовка за примена на наставните планови и програми од член 1 на оваа одлука ќе изврши Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието, а Републичката заедница ќе ги отпечати во посебни публикации и ќе се направат достапни на секое училиште, односно предучилишна организација во СРМ

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр. 11-738/5
6 јули 1990 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**195.**

Врз основа на Законот за изменување на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990

година („Службен весник на СРМ“ бр. 23/90), и член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13 јули 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД 1 ЈУЛИ 1990 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јули 1990 година се утврдува на 16,696 насто.

Член 2

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување се зема остварениот личен доход на работниците кај правните лица

Член 3

За осигурениците за кои се утврдува само чист личен доход, придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се пресметува и плаќа од чистиот личен доход со примена на пресметана стапка за чист личен доход врз основа на збирот на републичките и општествените стапки на придонесите од личниот доход

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јули 1990 година

Бр 08-3010
13 јули 1990 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с р

**196.**

Врз основа на Законот за изменување на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр 23/90), и член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 13 јули 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ДОХОДОТ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 ЈУЛИ 1990 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јули 1990 година се утврдува по стапки од:

а) 8,35 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;

б) 6,96 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци,

в) 5,56 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

г) 4,17 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сме- сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;

д) 2,78 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци,

ѓ) 1,39 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци

Член 2

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот што се смета со зголемено траење се пресметува од личниот доход на вработените на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и го плаќаат организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници од својот доход

Член 3

Уплатата на придонесот од доходот по стапките од член 1 на оваа одлука од обврзниците се врши при поднесувањето на периодичните и завршната сметка

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ“ а ќе се применува од 1 јули 1990 година

Бр 08-3009
13 јули 1990 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**197**

Врз основа на член 106 и 116 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр 9/78, 43/78 и 35/85), и член 65 и 193 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на вонредната седница одржана на 9 јули 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

1. Со оваа одлука се вршат следните измени на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 20/89, 38/89 и 16/90)

1) Точка 4 се менува и гласи

„4. Обврзниците од точка 2 на оваа одлука придонесот од доходот го уплатуваат, по стапка од 0,18%“.

2) Во точка 5 ставот 1 се менува и гласи:

„Работниците што остваруваат личен доход од работен однос освен работниците вработени кај обврзниците од областа на дејностите од 01 до 11, уплатуваат придонес од личен доход од работен однос, по стапка од 0,064%“.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето, а ќе се применува од 1 јули 1990 година

3 Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр. 08-237/1
9 јули 1990 година
Скопје

Претседавач,
**Иван Билбиловски,** с р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје се води спор за утврдување право на сопственост на недвижност — куќа, што се наоѓа во Скопје, на ул „Рифат Бурѓевиќ“ број 36 На тужениот Емрула Осман, со непозната адреса, му е определен за привремен застапник адв Моневски Валеријан од Скопје кој ќе го застапува тужениот во постапката сè додека тој или негов полномошник не се појават пред судот

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XIV П бр 4114/89 (154)

---

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје се води постапка за развод на брак помеѓу Ука Бафти од Скопје против Назмија Бафти, со непознато живеалиште во Западна Германија На тужената Назмија Бафти и е определен привремен застапник кој ќе ја застапува сè додека таа не се појави пред судот односно додека Органот за старателство не го извести судот дека назначил старател

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XIV П бр 2594/89 (158)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје се води спор за иселување од стан по тужбата на тужителот Здружена СИЗ на становање на град Скопје, застапувана од Претпријатието за уредување и изградба на градот Скопје — Скопје, против тужениот Димовски Томе од Скопје, булевар „Јане Сандански“ бр 95 вл. 1 ст 9, сега со непозната адреса на живеење во Шведска Вредност на спорот 1 000,00 динари.

Се повикува тужениот Димовски Томе да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави на судот својата сегашна адреса на живеење на која би можел да биде повикуван на судска расправа

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, постапката ќе продолжи и ќе биде застапуван од привремениот старател адвокатот Александар Наумовски од Скопје, ул. „Вуковарска“ бр. 17, поставен со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на град Скопје, бр 1011-1019/49 од 5 V 1990 година

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XII П бр 791/90 (15)

---

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје, по предлог на УНИС — РО „УНИСКОМЕРЦ“ — САРАЕВО „Претставништво — Скопје против Интерна банка на СОЗТ Металски завод „Тито“, Скопје, РО „Хепос“ ООЗТ „Метинд“, Виница, е поведена постапка за поништување на изгубена меница

Се повикува наоѓачот на меницата бр. 01166440, на меничен износ од 200 динари, издадена од Интерна банка на СОЗТ Металски завод „Тито“, ООЗТ „Метинд“ — Виница, во корист на ремитентот УНИС — РО „Унискомерц“ — Сараево да ја пријави меницата во Судот Ако некој друг знае за држателот на меницата, да го извести судот за тоа или, пак, оној што ја поседува да ја пријави во Судот, како и секое заинтересирано лице да стави приговор на поведувањето на оваа постапка во рок од 30 дена по објавувањето на огласот.
по објавувањето на огласот Во спротивно, меницата ќе биде поништена.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, Р. бр 215/88. (159)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

Општинскиот суд во Гевгелија поведе постапка за поништување на чекови со сериските броеви од 096667 — 096670 и од 14264801 — 14264810 заклучно при што сите овие 14 чекови се трасирани за наплата при Стопанска банка — Гевгелија, се во бланко форма и ја задолжуваат сметката на подносителот на предлогот за поништување на овие чекови Павлова — Јовиќ Красимира од Гевгелија, со тековна (жиро) сметка бр 492/02

Се повикуваат сите лица кај кои се наоѓаат цитираните чекови или лицата на кои им е познато каде тие се наоѓаат, да се јават во Општинскиот суд во Гевгелија во рок од 60 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“.

Во истиот рок секое заинтересирано лице може да вложи приговор против предлогот за поништување на чековите

Се напоменува на должникот дека по овие чекови не може полноважно да ја исполни својата обврска, да ги обнови или замени чековите, да издаде нови, ниту имателот смее да ги пренесува правата од чековите.

Доколку огласниот рок истече без приговор или успех во пронаоѓање на чековите, чековите ќе бидат поништени.

Од Општинскиот суд во Гевгелија, Р бр 74/90

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КРУШЕВО

Пред овој суд е покренат вонпарничен предмет на предлагачот Димановски Методија од с Бучин, за докажување на смртта на лицето Димановска Петра.

Се повикува Димановска Петра од с Бучин, родена 6 декември 1914 година, а стапила во брак со Методија Димановски на 7 ноември 1937 година, а се претпоставува дека умрела на 14 IX 1970 година, да се јави во судот во рок од 15 дена од објавувањето на огласот

Истовремено, судот ги повикува сите лица, доколку знаат нешто да јават во овој суд. По истекот на рокот од 15 дена, доколку никој не се јави, судот ќе утврди дека лицето е умрено на спомената дата

Од Општинскиот суд во Крушево, IX Р бр 76/89.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за поништување на договор за купопродажба по тужбата на тужителот Џемаили Хава од с Седларево, против тужените Џемаили Џемил Хасан од с. Палатица, сега со непозната адреса во Швајцарија, и други Вредност на спорот 332 500 динари

Се повикува тужениот Џемаили Џемил Хасан од с Палатица да се јави во рок од 30 дена пред овој суд, да ја достави сегашната адреса или постави свој полномошник Во спротивно, по истекот на овој рок, судот ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката

Од Општинскиот суд во Тетово, П бр 946/90.

---

### СООПШТЕНИЕ

Собранијата на општините Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир, врз основа на член 25 и 27 од Законот за судовите за прекршоци („Службен весник на СРМ“ бр 6/85), ќе извршат избор на двајца судии за прекршоци на Општинскиот суд за прекршоци на општините Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир.

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови за стекнување на својство на работник во органите за државната управа:

1. да се државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

2 да се здравствено способни за вршење на задачите и работите,

3. против нив да не се води кривична постапка,
4. да се дипломирани правници со положен правосуден испит

Кандидатите да поднесат пријави до Собранието на општината Центар — Скопје, Комисија за прашањата на изборите и именувањата, во рок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето.

Кандидатите се должни кон пријавата да ги поднесат потребните документи и биографски податоци

Од Собранието на општината Центар

---

## ОБЈАВА

Врз основа на член 175 став 3 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 12/87, 50/87, 7/88, 7/89, 18/89, 46/89, 4/90 и 15/90), Републичкиот завод за статистика го утврдува и објавува

## ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТОТ НА ПРОСЕЧНИОТ ЛИЧЕН ДОХОД ВО РЕПУБЛИКАТА ЗА МЕСЕЦ МАЈ 1990 ГОДИНА

1 Порастот на просечниот личен доход во Републиката во периодот јануари — мај 1990 година во однос на остварениот просечен чист личен доход во Републиката во 1989 година изнесува 391,7%.

Директор
на Републичкиот завод за статистика
Светлана Антоновска, с. р.

---

## СОДРЖИНА


445 Закон за инспекција на парни котли и постројки под притисок — — — — — 433
446. Завршна сметка за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година — — — 435
447. Измени и дополнувања на Републичкиот буџет за 1990 година — — — — — 438
448. Закон за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните — — 442
449. Закон за изменување на Законот за данокот од доход — — — — — — — 442
450 Закон за изменување на Законот за самостојно вршење дејност со личен труд — 443
451 Закон за изменување на Законот за угостителската и туристичката дејност — — 443
452. Закон за изменување на Законот за собирање, користење, преработка и промет на отпадните материјали што се користат како секундарни суровини — — — — 443
453. Закон за изменување на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1990 година 444
454. Закон за дополнување на Законот за водите — — — — — — — — — — — 445
455. Закон за изменување на Законот за државната управа — — — — — — — 446
456. Закон за железничкиот сообраќај — — 446
457. Закон за изменување на Законот за заштитата при работа — — — — — — 449
458. Закон за изменување на Законот за инспекцијата на трудот — — — — — 449
459. Закон за изменување на Законот за управната инспекција — — — — — — 449
460. Закон за изменување на Законот за пазаришната инспекција — — — — — 450
461 Одлука за исплата на личните доходи, средствата за непосредна заедничка потрошувачка и средствата за исхрана — 450
462. Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за обезбедување средства во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за додаток на деца во 1990 година — — — — — — — — 450
463 Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување висината на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за основно образование во 1990 година — — — — — — — — 451
464. Одлука за давање согласност на Статутот на Работната организација Електротехнички факултет — Скопје — — — 451
465. Одлука за потврдување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — — — 451
466 Одлука за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие Радио-телевизија Скопје — — — — — — — — — 451
467. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за вршење задолжителна здравствена контрола на растенијата кои се извезуваат — — — — — — — 451
468 Решение за испуштање на вонредни количества на вода од Мавровското Езеро во реката Вардар — — — — — — 452
469 Решение за разрешување од должноста самостоен советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — 452
470. Програма за користење на средствата за станбена изградба на работниците, раководните работници и функционерите во републичките органи, учесници во Самоуправната спогодба за здружување на средства за прибавување на станови и станбени згради за потребите на работниците, раководните работници и функционерите во републичките органи — — — — — 452


### Општи акти на самоуправните интересни заедници


193 Одлука за донесување на измени во наставни програми за основното воспитание и образование — — — — — — 453
194 Одлука за донесување на наставни планови и програми за воспитно-образовна дејност во основното воспитание и образование и утврдување динамика на нивна примена — — — — — — — — 453
195. Одлука за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јули 1990 година 454
196 Одлука за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јули 1990 година — — — — — — — — — 454
197. Одлука за изменување на Одлуката за утврдување висината на придонесите на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита — — — 454


Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев" — Скопје